Состанок на високо ниво на министрите за внатрешни работи и за безбедност и на раководни службеници на владите и администрациите од југоисточна Европа

Усвоено на
23 септември 2005
македонски јазик

# РЕГИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА СРЕДСТВА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ И ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ СО КОНКРЕТНИ АКЦИИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА ПРОЕКТОТ

**23 септември 2005**
**Остров Бриони, Хрватска**

## СОДРЖИНА

**1 РЕГИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА СРЕДСТВА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ И ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ........ 3**

1.1 Анализа на криминалот и криминално разузнавање ........ 3
1.2 Финансиски истраги ........ 4
1.3 Специјални истражни мерки ........ 6
1.4 Механизми за заштита на сведоци на сериозниот криминал ........ 9
1.5 Соработка во кривичните предмети ........ 11

**2 РЕЗИМЕ НА КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ ВО ПРОЕКТНИТЕ ОБЛАСТИ ........ 13**

2.1 АЛБАНИЈА ........ 13
2.2 БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ........ 17
2.3 ХРВАТСКА ........ 23
2.4 СРБИЈА И ЦРНА ГОРА / ЦРНА ГОРА ........ 26
2.5 СРБИЈА И ЦРНА ГОРА / СРБИЈА ........ 30
2.6 СРБИЈА И ЦРНА ГОРА / КОСОВО ........ 34
2.7 “ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” ........ 38

*Овој документ е подготвен во рамките на проектот КАРПО (Развој на сигурни и функционални полициски системи и зајакнување на борбата на главните криминални активности и полициска соработка) од страна на експерти од земјите на Југоисточна Европа и на Советот на Европа, со подршка на конзорциумот партнери (Белгија, Унгарија, Финска, Италија, Словенија, Шпанија, Шведска). Преоктот КАРПО е заеднички финансиран од Европската Комисија (90%) и Советот на Европа (10%).*

# 1 РЕГИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА СРЕДСТВА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ И ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ

## 1.1 Анализа на криминалот и криминално разузнавање

*Политиките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал треба да се засноваат на исцрпно познавање и разбирање за тоа што претставува организираниот и економскиот криминал според меѓународните стандарди, нивниот опсег и модус операнди, како и разбирање на трендовите односно развојните тенденции на криминалните пазари во одделни земји и во регионот, а посебно на прекуграничните и транснационални последици на овие феномени. Сеопфатната јавна политика и дејствување против организираниот и економскиот криминал треба да се заснова на знаење и да е вкоренета во разузнавачки податоци, обезбедени преку една добро структурирана рамка за систематско собирање, анализа и обработување на податоци, во согласност со европските стандарди за заштита на личните податоци.*

*Оттаму, со цел да се унапреди правната рамка и институционалните капацитети во областа на анализа на криминалот и криминалното разузнавање, ќе се настојува да се остварат и преземат следниве цели и мерки:*

- Обезбедување правна рамка за систематско собирање, анализа, обработување, управување и размена на податоци за економскиот и организираниот криминал во согласност со европските стандарди за заштита на личните податоци, како и овозможување соодветна рамка за размена на релевантни податоци и информации и пристап до релевантни извори на информации.

- Обезбедување соодветни степени на тајност односно доверливост во пристапот до податоци за организираниот и економскиот криминал согласно европските стандарди за заштита на приватноста и личните податоци.

- Изготвување национална стратегија/план за поддршка на анализата на криминалот преку:
  - воспоставување национален (унифициран) систем или мрежа на системи за собирање податоци и за водење криминална статистика, при што ќе се имаат предвид особеностите на организираниот и економскиот криминал;
  - употреба на заедничка методологија од страна на органите надлежни за спроведување на законот во собирањето податоци и во водењето криминална статистика, при што ќе се имаат предвид особеностите на организираниот и економскиот криминал;
  - воведување обврска за задолжително доставување податоци во стандардизирана форма од страна на одредени институции;
  - анализа, која ќе се спроведува заедно со научните и академски кругови, на аспектите на организираниот криминал, трендовите, околностите, групите и технологиите што се користат, како и редовно објавување на извештаите за спроведените анализи;
  - поддршка на истражувања и на институциите кои спроведуваат мултидисциплинарни истражувања на организираниот и економскиот криминал, преку обезбедување и давање релевантни податоци и друг вид поддршка, кога тоа е возможно.

- Систематско следење на ефективноста на мерките за превенција и контрола на организираниот и економскиот криминал.

- Основање служби или одделенија за анализа на криминалот на национално ниво.

- Обезбедување систематска и сеопфатна обука на овластените службени лица за анализа на организираниот и економскиот криминал.

- Разработување на модел на т.н. "дејствување на полицијата, раководено од разузнавачки податоци" и вградување на овој модел во полициските стратегии против организираниот и економскиот криминал, како и интегрирање на податоците, прибавени со криминално разузнавање, во работата на полицијата на национално и локално ниво.

- Олеснување на меѓународната и взаемна соработка во областа на анализа на криминалот и криминалното разузнавање преку овозможување, како од правен така и од оперативен аспект, размена на релевантни податоци и информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот, а со цел собирање и меѓусебно споделување на тие информации, спроведување истраги и укажување взаемна правна помош, во согласност со важечките прописи за заштита на податоци.

- На регионален план, поддршка на утврдувањето и усвојувањето заедничка методологија за собирање податоци и постапки за размена на податоци во текот на спроведување на трансгранични кривични истраги.

## 1.2 Финансиски истраги

*Сериозниот криминал во голема мера е мотивиран од остварувањето економска корист. Затоа, следењето и фокусирањето врз приносите од криминал во борбата против корупцијата, организираниот криминал, перењето на пари и други облици на економски криминал, преку финансиски истраги кои водат кон идентификување, одземање и конфискација на приносите од криминал, претставува составен дел на секоја сеопфатна стратегија против сериозниот криминал. Во последниве години, земјите од југоисточна Европа постигнаа значителен напредок на планот на пристапување кон релевантните меѓународни правни инструменти, и во многу случаи, нивните законодавства ја предвидуваат мерката конфискација на предмети и приноси од криминалот. Меѓутоа, мора да се признае дека тие се соочуваат со големи предизвици во ефикасната примена на ова законодавство во практиката.*

*Оттаму, со цел концептот на интегрирана финансиска и кривична истрага насочена кон конфискација на приносите од криминал целосно да се имплементира во системот на спроведување на законот и во системот на кривично-правна заштита, ќе се настојува да се остварат и преземат следниве цели и мерки:*

- Унапредување на правната рамка со која се уредуваат прашањата за идентификација, следење, замрзнување, одземање и конфискација на приносите од криминал на начин што:
  - ќе се овозможи пристап до релевантните извори на финансиски/банкарски податоци (на пример, ослободување од обврската за чување банкарска деловна тајна);

- ќе се обезбедат привремени мерки со кои ќе се овозможи предвремено замрзнување и одземање на приносите, за кои постои сомневање дека потекнуваат од криминал;
- ќе се прифати дека сите облици на сериозен криминал се засноваат и поаѓаат од целите на перењето на пари;
- ќе се обезбедат основи за спроведување истражни дејствија заради конфискација на барање на обвинителот или на барање на судот во текот на кривичната постапка;
- ќе се разгледа можноста за префрлање на товарот на докажување во случаите на конфискација, во мера во која тоа го дозволува принципот на пропорционалност согласно Европската конвенција за човекови права;
- ќе се обезбедат законски основи и постапки за конфискација на приносите од криминал според нивната реална вредност, како и конфискација од трети лица кои постапувале *мала фиде*, односно ги примиле или прибавиле приносите знаејќи дека потекнуваат од криминални дејствија;
- ќе се разгледа можноста за воведување проширен режим на конфискација.

▪ Воспоставување истражни стратегии насочени кон следење на имотот на организираните криминални групи преку интегрирање на финансиските истраги со кривичните истраги на начин што:
  - ќе се обезбеди кривичните истраги систематски да бидат проследени со истраги на приносите од криминал;
  - ќе се обезбеди систематско собирање на исцрпни статистички податоци за сите финансиски постапки, со што ќе се укаже на примената на привремени мерки и наредби за конфискација.

▪ Јакнење на соработката помеѓу различни органи и институции преку:
  - промовирање тимски пристап во спроведувањето на истраги за сложени случаи;
  - обезбедување размена на оперативни податоци помеѓу полицијата, обвинителството, финансиско-разузнавачките служби, царинската и даночната управа и други релевантни институции;
  - обезбедување меѓународна и билатерална соработка и размена на податоци во текот на финансиските истраги, при што ќе се овозможи и директна соработка на една институција со друга.

▪ Обезбедување специјализација на лица и органи (на пример, на органите надележни за спроведување на законот и на обвинителството) за водење финансиски истраги на начин што:
  - ќе се обезбедат соодветни средства и сеопфатни и суштински програми за обука во врска со водењето на финансиски истраги;
  - ќе се обезбеди пристап и комуникација на службените лица кои го спроведуваат законот и на обвинителите со кадри кои имаат финансиска експертиза;
  - ќе се основаат специјализирани одделенија или мрежи на експерти за следење и идентификување на потеклото на имотот;
  - ќе се востанови служба или одделение за финансиско разузнавање кое ќе прима, анализира и проследува податоци во врска со перењето на приноси од криминал.

- Проширување и продлабочување, што е можно повеќе, на меѓународната и взаемна соработка во оваа област на начин што:
  - по барањата за укажување взаемна правна помош ќе се постапува со истиот степен на итност што важи и во домашните постапки, посебно кога тие барања се однесуваат на идентификација, следење, замрзнување, одземање или конфискација на имот;
  - во домашното односно во националното законодавство или во билатералните и мултилатералните договори ќе се внесат одредби со кои ќе се овозможи поделба или враќање на имот;
  - службите или одделенијата надлежни за спроведување на финансиски истраги ќе ги исполнуваат стандардите на групата Егмонт и меѓусебно ќе соработуваат во собирање, анализа и истражување на релевантни податоци, како и во размена на тие податоци, било спонтано или по основ на упатено барање, во согласност со националниот закон што се применува.

## 1.3 Специјални истражни мерки

*За адекватно справување со криминалот, во сите негови современи облици и модалитети, неопходно е органите надлежни за спроведување на законот да применуваат ефикасни средства и современи полициски стратегии во процесот на откривање, истрага и кривичен прогон, вклучувајќи и примена на специјални односно посебни истражни мерки (следење на комуникации, електронско тајно набљудување, прикриени операции и друго). Меѓутоа, имајќи го предвид наметнувачкиот карактер на овие специјални истражни мерки (во понатамошниот текст СИМ), односно навлегувањето на овие мерки во приватната сфера и во правата и слободите на поединецот, нивната примена треба да подлежи под строгите принципи на законитост и пропорационалност, како и под процедурални гаранции и механизми за заштита. За ефикасна примена на овие мерки во согласност со европските стандарди за заштита на човековите права, земјите мора да изградат сеопфатна правна рамка и соодветна институционална структура со ефективни контролни механизми, како и да имаат добро обучени кадри за практична примена на овие мерки. Понатаму, истрагите и судските постапки за организирани криминални дејствија често вклучуваат и трансгранични елементи и соработка помеѓу органите надлежни за спроведување на законот и обвинителствата на повеќе земји. Тоа налага висок степен на усогласеност на законската регулатива (при што ќе се имаат предвид и ќе се почитуваат спецификите на различни земји), а посебно е потребна усогласеност на правилата за прибирање и изведување докази во различни земји, како и унапредување на соработката во прекугранични истраги, особено во однос на дејствувањето на заеднички истражни тимови и во размената на прикриени агенти односно лица со прикриен идентитет. Во последниве години, во регионот многу е постигнато на планот на усвојување и прилагодување на законската регулатива кон европските стандарди, меѓутоа нејзината примена во практиката е често ограничена поради недостаток од современа опрема за набљудување и следење на комуникации, како и поради недостаток од внатрешна односно интерна регулатива и насоки и обучени специјалисти.*

*Оттаму, со цел унапредување на капацитетите за примена на СИМ во откривањето и во истрагата на сериозни кривични дела со доследно почитување на човековите права, преку постојано подобрување на постоечките институционални, регулаторни и оперативни рамки, ќе се настојува да се остварат и преземат следниве цели и мерки:*

- Обезбедување сеопфатна национална правна рамка со која ќе се уреди примената на специјални односно посебни истражни мерки со доследно почитување на принципите вградени во Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (ЕКЧП) на начин што:
  - ќе се овозможи и ќе се регулира со закон, којшто ќе биде достапен до јавноста и чии ефекти ќе бидат предвидливи, на примената на специјални истражни мерки (прикриени мерки на набљудување и истрага) за сериозни кривични дела, вклучувајќи дела на организиран и економски криминал, корупција, трговија со луѓе и перење на пари;
  - ќе се обезбеди диференцијација односно разграничување и предвидливост на СИМ на начин што со закон ќе се утврди карактерот и опфатот на одделни технички прикриени мерки (на пример, следење на комуникации, електронско набљудување, следење на финансиски трансакции), како и карактерот и опфатот на нетехничките прикриени мерки (на пример, развој и употреба на прикриени агенти, користење прикриени човечки разузнавачки извори);
  - ќе се воведат механизми за заштита со цел да се ограничи примената на СИМ само во оние инстанци односно случаи кога нивната примена е пропорционална и неопходна од аспект на тежината на делото и поради соочување со потешкотии и опасности во прибирањето податоци и докази со примена на други помалку натрапнички мерки;
  - ќе се изгради детална регулаторна рамка со која целосно ќе се уреди примената и спроведувањето на СИМ (таа регулатива треба биде правно задолжителна, со неа ќе се разграничат различни видови мерки во поглед на условите за нивна примена, ќе се утврдат можните субјекти на набљудување, ќе се прецизираат делата за кои може да се примени набљудување, ќе се определи дозволеното времетраење, опфатот и начинот на набљудување и друго);
  - ќе се усвојат детални прописи со кои ќе се уреди начинот на постапување и уништување на материјалот и личните податоци прибавени со примена на СИМ, како и начинот на евентуално последователно известување на субјектите кои биле набљудувани;
  - ќе се забрани и санкционира со закон она однесување на овластените службени лица за спроведување на законот или она однесување на прикриените агенти кои делуваат во нивно име, со кое се поттикнува на извршување кривично дело или со кое се провоцира криминално дејствување;
  - ќе се обезбеди одговорност во врска со овластувањето да се определи и дозволи примена на СИМ, како и одговорност за самото спроведување на СИМ, и нивно разгледување и надзор во рамки на надлежните структури за спроведување на законот и кривичен прогон;
  - ќе се обезбеди судски надзор над процесот на издавање наредби за примена на СИМ, како и судски надзор над самото спроведување на натрапнички СИМ;
  - ќе се осигура дека судот, со почитување на гаранциите и механизмите за заштита предвидени во ЕКЧП, ќе ги прифаќа како валидни доказите до кои се дошло со примена на СИМ, а нема да ги прифаќа како доказ оние податоци и материјал кои се прибавени со противправна или незаконска примена на СИМ;
  - ќе се овозможи во согласност со стандардите на ЕКЧП, право на одбраната да ги прегледа материјалите кои се прибавени со примена на СИМ, и ќе се обезбеди право на одбраната да ја оспори нивната законитост во судска постапка.

- Изготвување и усвојување прописи, насоки и други акти за органите надлежни за спроведување на законот, кои се вклучени во примената и спроведувањето на СИМ на начин што:
  - ќе се усвојат детални интерни упатства и акти со кои ќе се уреди внатрешната постапка за одобрување односно определување примена на специјалните истражни мерки,  понатаму правилници за водење евиденција, правилници  за начинот на постапување со собраниот материјал, акти за мерките за обезбедување тајноста на истрагите, како и други насочувачки принципи што органите и лицата треба да ги применуваат во случаите кога употребуваат вакви методи и кога постапуваат со резултати добиени од тие  методи;
  - ќе се усвојат внатрешни упатства и акти во врска со спроведувањето на прикриени операции, вклучително и правила кои мора да ги почитуваат прикриените агенти и овластените службени лица за спроведување на законот, кои раководат и ги насочуваат операциите на прикриените агенти;
  - ќе се усвојат внатрешни упатства за овластените службени лица за спроведување на законот кои работат со регистрирани информатори.

- Создавање национален систем за известување за примената на СИМ преку:
  - систематско собирање и анализа на податоците за примена на СИМ;
  - поднесување годишни извештаи за примената на сите видови специјални истражни мерки од страна на независен и висок орган;
  - идентификување на најдобри практики во однос на улогата на судовите и на органите надлежни за спроведување на законот, кои се инволвирани во примената на СИМ и во нивната контрола;
  - јавно објавување на годишни статистички извештаи за примената на СИМ;

- Регулирање на начинот на користење на финансиски средства во примената на СИМ, преку усвојување детална (внатрешна) регулаторна рамка со која ќе се уреди начинот на користење на финансиските средства (на пример, преку или во форма на специјални фондови) при спроведување на СИМ, особено во поглед на финансирањето на прикриени операции, агенти и информатори, како и обезбедување ефикасен надзор над користењето на овие фондови и средства.

- Осигурување дека за целите на кривичните истраги, СИМ ќе ги спроведуваат специјализирани и обучени кадри на органите надлежни за спроведување на законот преку:
  - формирање специјализирано(и) одделение(ја) или сектор(и) за примена на СИМ во рамки на органите надлежни за спроведување на законот и обезбедување нивна соодветна независност;
  - разграничување, во правна и во институционална смисла, на набљудувањето што го спроведуваат надлежните органи за целите на кривичните истраги, од она набљудување што го спроведуваат разузнавачките служби за целите на националната безбедност, како и обезбедување на државните органи што го спроведуваат законот со соодветни технички и човечки ресурси неопходни за примена на СИМ, независно и одделно од ресурсите со кои располагаат ограните и институциите надлежни за државната безбедност.

- Воведување ефикасен општ и национален механизам за увид (како дополнување на судскиот и обвинителскиот надзор) во примената на СИМ, и тоа било преку

посебни судски совети кои ќе вршат увид во спроведување на набљудувањето, или преку посебни парламентарни комисии или преку народниот правобранител.

- Обезбедување тесна соработка помеѓу обвинителството и полицијата во процесот на примена и спроведување на СИМ.

- Институционализирање и унапредување на професионалната обука во врска со специјалните истражни мерки и разузнавањето преку:
  - институционализирање на општа обука за СИМ наменета за овластени службени лица кои се вклучени во примената на СИМ и во контролата врз нив;
  - институционализирање на специјализирана односно посебна обука за прикриени агенти и овластени службени лица за спроведување на законот, кои раководат и ги насочуваат операциите на прикриените агенти.

- Подобрување на меѓународната и взаемна соработка во врска со примената на СИМ преку:
  - оптимално искористување на можностите што ги даваат постоечките меѓународни инструменти во врска со примената на СИМ, а особено Европската конвенција за взаемна помош во кривичните предмети и протоколите кон неа;
  - користење заеднички тимови за спроведување истраги и прекугранични операции поврзани со примена на СИМ, вклучително и можност за меѓусебна размена на прикриени агенти односно на лица со прикриен идентитет.

## 1.4 Механизми за заштита на сведоци на сериозниот криминал

*Детално разработениот систем на мерки, кој овозможува ефективна заштита на сведоците и соработниците на правдата и тоа пред поведување, во текот на и по завршување на кривичната постапка, се докажа дека претставува основно средство за успешна истрага и кривичен прогон на сериозните кривични дела, но исто така тој претставува и обврска на системот на кривично-правна заштита спрема ранливите и лесно подложни жртви на криминал, како што е тоа случај со жртвите на трговијата со луѓе. Неопходен е спектар на различни процесни и непроцесни мерки за заштита на сведоци, кој ќе обезбеди сведоците слободно и без заплашување да можат да сведочат и да се сослушаат, и кој ќе обезбеди заштита на нивните животи и на животите на нивните роднини и најблиски и тоа пред поведување, во текот на и по завршување на кривичната постапка. Воодушевува напредокот што на овој план е постигнат последниве две години во југоисточна Европа, каде повеќе земји донесоа посебни закони за заштита на сведоци и основаа посебни служби или одделенија за заштита на сведоци. Сепак, останува предизвикот како овие одделенија во целост да профункционираат, и како да се обезбеди трајно и стабилно финансирање на програмите за заштита на сведоци и нивно вклучување во европските и други меѓународни мрежи и системи за заштита на сведоци. Во регионот, исто така постои законска регулатива со која се предвидуваат различни процесни мерки за заштита, но за да се унапреди нејзината практична примена потребна е натамошна обука на релевантните фактори во системот на кривично-правна заштита, како и обезбедување пристап до современите телекомуникациски системи за сведочење преку аудио-визуелна врска (видео линк).*

*Оттаму, со цел да се изгради сеопфатен систем за заштита на сведоци, особено на ранливи жртви и соработници на правдата, ќе се настојува да се остварат и преземат следниве цели и мерки:*

- Воспоставување сеопфатна правна рамка која ќе ги опфати основната полициска заштита и помош и процесните и непроцесните мерки за заштита на сведоци на начин што:
  - со закон ќе се предвиди обврска за службените лица кои го спроведуваат законот да понудат ад хоц односно повремена заштита и помош на сите сведоци и жртви доколку е неопходно;
  - ќе се обезбеди постоење на спектар на различни процесни мерки за заштита на сведоците во текот на кривичната постапка, и ќе се обезбеди нивната примена да е пропорционална на правата на одбраната во согласност со стандардите содржани во ЕКЧП;
  - ќе се обезбеди спектар на различни непроцесни мерки за заштита на сведоците и тоа пред поведување, во текот на и по завршување на кривичната постапка, преку програма за заштита на сведоци, вклучително и релокација на сведокот, промена на неговиот идентитет и итни мерки за заштита;
  - ќе се овозможи пристап до и користење на современа комуникациска технологија за сослушување и распит на сведоците;
  - ќе се обезбеди ефикасна истрага и кривичен прогон на сите видови директна или индиректна закана, притисок или заплашување на сведоците;
  - ќе се обезбеди процесните и непроцесните мерки наменети за заштита на сведоците да ги опфаќаат и да ги користат и соработниците на правдата, а доколку е потребно, ќе се изготват и утврдат посебни мерки за заштита на соработниците на правдата.

- Настојување да се усвои сеопфатна национална стратегија/програма за заштита на сведоци, со која ќе биде опфатена и меѓународната и билатералната соработка во врска со заштита на сведоците.

- Обезбедување сигурност, засолниште, здравствена заштита и пристап до правна помош или правен застапник за сведоците, кои истовремено се подложни и ранливи жртви на криминалот.

- Давање приоритет на развојот на финансиска оддржливост на програмите за заштита на сведоци.

- Основање специјализирани служби или одделенија за заштита на сведоци и обезбедување соодветна почетна обука на нивниот персонал.

- Создавање неопходни предуслови за специјализирана обука на сите кадри во органите надлежни за спроведување на законот, во обвинителствата и во судовите за примена на мерките за заштита на сведоци, како и обезбедување оддржлива и континуирана обука во оваа област.

- Унапредување на меѓународната и взаемна соработка во оваа област на начин што:
  - ќе се овозможи сослушувањето и распитот на сведоците да се вршат и програмите за заштита на сведоци да се применуваат преку границите;

– ќе се овозможи пристап до и користење на современи телекомуникациски средства, укажување помош во релокација и заштита на сведоците во странство, размена на податоци и друго;
– ќе се склучат билатерални и мултилатерални договори, коишто ќе содржат одредби со кои ќе се овозможи вклучување на странски сведоци во домашните програми за заштита на сведоци.

## 1.5 Соработка во кривичните предмети

*Организираниот транснационален криминал не е предизвик со кој земјите би можеле самостојно и одделно да се справат. Затоа, меѓународната и взаемна соработка во кривичните предмети има клучна улога во општата рамка и констелација на односи помеѓу државите како на европски, така и на меѓународен план. Оваа соработка може да се остварува во најразлични форми и облици, вклучувајќи оперативна соработка помеѓу органите надлежни за спроведување на законот, взаемна правна помош во истрагата и кривичниот прогон и во екстрадицијата на осомничени за кривични дела, при што секој од овие облици на соработка и помош претставува ефикасно средство во борбата против организираниот и економскиот криминал.*

*Во последниве години, земјите од југоисточна Европа постигнаа значителен напредок на планот на пристапување кон европските и меѓународни инструменти кои овозможуваат соработка во кривичните предмети, како и на планот на склучување многубројни билатерални договори. Сепак, мора да се признае дека во моментов земјите располагаат со различни капацитети за нивно активно учество во меѓународната соработка, и тие допрва ќе имаат можност да го согледаат и да го искористат потенцијалот на овие форми на соработка. Предизвикот со кој тие се соочуваат, е да се воспостави функционален систем за меѓународна и взаемна соработка преку отстранување на постоечките правни и практични пречки, преку обезбедување нивното национално законодавство да овозможи целосно исполнување на обврските преземени со пристапувањето кон релевантните договори, преку развивање на оперативните капацитети на судските органи и на органите надлежни за спроведување на законот, преку размена на податоци и информации и преку усовршување на професионализмот на надлежните органи низ сеопфатни програми за обука, размена на искуства и експертиза. Понатаму, кога ќе се осмислуваат и преземаат законодавни и институционални мерки за унапредување на меѓународната соработка мора да се имаат предвид новите развојни тенденции во областа на правото на ниво на Европската Унија поврзани со меѓународната и взаемна соработка во кривичните предмети.*

*Оттаму, со цел натамошно јакнење на капацитетите на еден функционален систем на соработка во кривичните предмети, ќе се настојува да се остварат и преземат следниве цели и мерки:*

- Потпишување и ратификација, и тоа што е можно поскоро, на сите релевантни меѓународни и европски правни инструменти насочени кон унапредување на полициската и судската соработка, а со цел проширување на меѓународниот систем на соработка во кривичните предмети помеѓу државите потписнички.

- Настојување да се склучат билатерални и мултилатерални договори или аранжмани за спроведување или за унапредување на ефективноста на соработката во кривичните предмети и преземање мерки со кои ќе се олесни спроведувањето заеднички операции на полицијата и органите надлежни за спроведување на законот со учество на службени лица за врски или со учество на

судии и обвинители од други држави, како и разгледување на можноста за испраќање службени лица за врски или судии и обвинители во други земји и јурисдикции.

- Меѓусебно укажување на што е можно поширока взаемна правна помош во истрагите, кривичниот прогон и судските постапки.

- Развивање и меѓусебно споделување на добри практики и експертски сознанија во областа на меѓународната и взаемна соработка во кривичните предмети против економскиот и организираниот криминал.

- Доследна примена на меѓународните и европските правни инструменти кои ја уредуваат меѓународната и взаемна соработка во кривичните предмети, преку усовршување, па дури и усогласување доколку е потребно, на законската рамка, со цел да се отстранат пречките што стојат на патот и ја попречуваат успешната и ефективна соработка.

- Воспоставување ефикасен национален систем на соработка, со цел да се обезбеди ефективна полициска и судска соработка, размена на податоци и соработка на национален план.

- Определување лица или органи за контакт во функција на остварување на целите на полициската и судската соработка преку:
  - назначување централен орган кој ќе биде задолжен за меѓународна и взаемна судска соработка;
  - назначување централен орган кој ќе биде задолжен за меѓународна и взаемна полициска соработка;

- Унапредување на соработката помеѓу централните државни органи преку:
  - воспоставување и унапредување на оперативни мрежи помеѓу назначените централни органи и соодветните партнер институции или органи од други земји и јурисдикции, и развивање практични модалитети на нивна меѓусебна соработка;
  - воспоставување канали и методи за директна и експедитивна меѓународна и взаемна соработка и размена на информации и разузнавачки податоци.

- Институционализирање на сеопфатна програма за обука на лицата кои се директно вклучени во полициската и судската соработка.

# 2 РЕЗИМЕ НА КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ ВО ПРОЕКТНИТЕ ОБЛАСТИ

## 2.1 АЛБАНИЈА

***1. Зајакнување на капацитетите за анализа на криминалот и криминално разузнавање***

*Краткорочни / среднорочни цели:*

Правна рамка

- Спроведување на одредбите од Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци, кои се однесуваат на надзорните органи и трансграничниот проток на податоци.

Институционална рамка

- Зајакнување на Одделението за криминална анализа: организирање на обука за криминална анализа за економски и организиран криминал;
- Воспоставување на национален (унифициран) систем или мрежа на системи за прибирање на податоци и за криминална статистика при што ќе бидат земени предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Подготвување на заедничка методологија за органите надлежни за спроведување на законот во однос на прибирање на податоци и криминална статистика при што ќе бидат земени предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Обезбедување дека доставување на информации во стандардна форма се задолжителни за наведените институции за спроведување на законот;

*Долгорочни цели:*

Политики

- Соработка со науката и универзитетите (односно Полициската академија и Факултетот за криминологија) за да се анализираат аспектите на организираниот криминал, движењата, околностите, групите и технологијата;
- Поддршка за независни истражувања и институции кои вршат мултидисциплинарни истражувања за економскиот и организираниот криминал преку обезбедување на соодветни информации и преку други видови на поддршка кога е тоа можно;
- Воведување на редовно следење на ефективноста на мерките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал (т.е. годишни извештаи и специјализиран меѓу-ресорски и парламентарен надзор);

Меѓународна соработка

- Развивање на меѓународна соработка на полето на криминална анализа преку создавање на услови, законски и оперативни, за размена на соодветни

информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот со цел прибирање и размена на информации, истраги и взаемна правна помош во согласност со соодветните прописи кои се однесуваат на заштита на податоци.

## *2. Зајакнување на капацитетите за финансиски истраги со цел конфискување на приносите од криминалните дејствија*

*Краткорочни / среднорочни цели:*

- Понатамошно подигање на свеста за концептот на финансиски истраги кај полицијата, обвинителите и судиите;
- Зголемување на соработката и размената на информации помеѓу полицијата и обвинителите преку потпишување на билатерални спогодби помеѓу институциите во кои детално ќе се наведе начинот на работа и на соработка помеѓу полицијата и обвинителството во областа на финансиските истраги;
- Спроведување на заеднички обуки за истражните судии и обвинителите кои ќе се фокусираат на подобро разбирање на поимот финансиски истраги и на домашната законска рамка, како и на другите европски и меѓународни законски инструменти кои постојат на ова поле;
- Формирање на истражно одделение во Даночната управа.

*Долгорочни цели:*

- Проширување на надлежностите на Агенцијата за управување со запленет и конфискуван имот кои треба да се однесуваат не само на приносите од организираниот криминал, туку и на приносите од другите видови на криминални активности;
- Изменување и дополнување на Законот за кривична постапка за да се овозможи прикриено следење на финансиски трансакции;
- Изменување и дополнување на Законот за кривична постапка со што ќе се воведе задолжително отворање на истрага од страна на истражниот судија со цел да се идентификуваат и одземат приносите од криминал во рамките на кривичните истраги за сериозни кривични дела;
- Поддршка за воспоставување регионална мрежа за размена на информации во однос на финансиските истраги помеѓу обвинителствата со што ќе се овозможи регионална соработка на ова поле. Поддржување на непосредните контакти помеѓу институциите надлежни и вклучени во спроведувањето истраги и обвинителствотото, како и помеѓу експертите од разните земји, особено во врска со делата поврзани со царинските измами, организираниот криминал, перењето на пари и др.

## *3. Зајакнување на правната рамка и капацитетите за нејзино спроведување во однос на примената на специјалните истражни мерки*

- Дополнување на Законот за кривична постапка со што ќе се укине ограничувањето според кое само истражните судии можат да бидат ангажирани како прикриени агенти;
- Дополнување на Законот за кривична постапка со што ќе се овозможи мерките за заштита на сведоци да се применуваат и на сведочењата на прикриените агенти;
- Усвојување на интерни насоки / правилници преку кои ќе се регулираат интерните постапки за давање на овластувања, прописите за водење евиденција и за постапување со прибраниот материјал, како и други начела како што се

стандардизирани постапки за примена и одобрување на специјални истражни мерки;

- Усвојување на интерни насоки и правилници за (а) постапките за управување на тајните операции, како и прописи за избор на прикриени агенти, за нивното постапување и однесување; (б) стандардни мерки во однос на спроведувањето на симулирани акции (привидни набавки, привидни корупциски дела и др.) во случаите на организиран криминал и корупција;
- Усвојување на интерни насоки за службените лица надлежни за спроведување на законот во однос на евидентирани информатори;
- Воспоставување на национален систем за подготвување извештаи во однос на примената на специјални истражни мерки (СИМ);
- Усвојување на (интерна) регулатива за користење на финансиски средства за финансирање на тајни операции, агенти и информатори, како и за обезбедување на ефикасен надзор над користењето на овие средства;
- Проучување на различни модели на механизми за надворешен надзор со цел воведување на систематски механизми за надворешен надзор врз примената на СИМ (покрај судскиот надзор) било преку специјални комисии за судско набљудување, посебни собраниски комисии, народниот правобранител или други форми на надзор;
- Институционализирање на општа обука за СИМ наменета за соодветните службени лица за спроведување на законот, обвинителите и судиите;
- Со помош на странски експерти и странски специјализирани единици, спроведување на обука на обучувачи во областа на распоредување и постапување со прикриени агенти;
- Во зависност од материјалните ресурси, воспоставување на национален центар за набљудување за целите на криминалните истраги кој ќе биде институционално самостоен од постоечкиот центар за превентивно набљудување;
- Подобрување на меѓународната соработка во однос на примената на СИМ особено во областа на размена на прикриени агенти, како и помагање на трансграничните истражни тимови, особено кога се применуваат специјалните истражни мерки.

### *4. Создавање на ефективни механизми за заштита на сведоци на сериозни кривични дела*

- Зајакнување на постоечкото одделение за заштита на сведоци преку обезбедување на одржливо финансирање, опрема и обука на кадарот;
- Спроведување на обуки за обвинители и судии во областа на процесни заштитни мерки;
- Со помош на странски експерти и странски специјализирани единици, спроведување на серија на обуки на обучувачи на полето на процесни и не-процесни мерки во однос на заштитата на сведоци и на соработници на правдата;
- Овозможување на користењето на модерна комуникациска технологија (особено на опрема за видео-конференции) со што ќе се овозможи сослушување на далеку на сведоци и соработници на правдата преку набавка на опрема и обука на соодветен кадар;
- Обезбедување на една или неколку локации за користење на опрема за видео-конференции со што ќе се олесни распитот на сведоци во странство;
- Развивање на меѓународна соработка на ова поле преку потпишување на билатерални или регионални спогодби, како и преку помагање на сослушувањето на сведоци и поддршка на преку-граничните програми за заштита на сведоци.

## *5. Зајакнување на капацитетите за соработка во кривичните предмети со особен акцент на 2^ot Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети*

Правна рамка

- Укинување на одредбата за двоен криминалитет во однос на взаемната правна помош во Законот за кривична постапка;
- Во однос на барањето за взаемна помош, усвојување на прописи со кои ќе се овозможи и олесни присуство на службени лица на договорната страна која побарува помош при спроведување на бараното дејствие;
- Во однос на директната комуникација со странски правосудни власти, да се разгледа можноста за подготвување на декларација за проширување на правосудната надлежност вон Министерството за правда (следствено на тоа да се размисли за повлекување на ограничувањето поднесено од страна на Албанија во однос на Вториот дополнителен протокол според кое Албанија ги признава само странските министерства за правда како "странски правосудни власти");
- Да се разгледа можноста за усвојување на соодветно законодавство со што ќе се овозможи примена на член 11 кој се однесува на спонтани информации.

Институционални капацитети

- Спроведување на обуки за соодветни службени лица кои работат на соработка на кривични предмети;
- Обезбедување на соодветни финансиски средства за да се обезбеди соодветна ефективност на одредбите од Вториот дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна правна помош (ETC 182).

## 2.2 БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

### *1. Зајакнување на капацитетите за анализа на криминалот и криминално разузнавање*

Правна рамка

*Краторочни/ среднорочни цели:*

- Ратификување на одредбите од Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци, кои се однесуваат на надзорните органи и трансграничниот проток на податоци.

Институционална рамка

*Краткорочни / среднорочни цели*

- Зајакнување на Одделението за криминална анализа преку вработување на соодветен број на аналитичари и обезбедување на обука за криминална анализа во однос на економскиот и организираниот криминал;
- Воспоставување национален (унифициран) систем или мрежа на системи за прибирање на податоци и криминална статистика што ќе ги земат предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Подготвување на заедничка методологија за органите надлежни за спроведување на законот во однос на прибирање на податоци и криминална статистика при што ќе бидат земени предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Обезбедување на задолжително доставување на информации во стандардизиран формат до базата на податоци на криминалната полиција;
- Воспоставување на задолжителна внатрешна контрола во институциите/ агенциите каде сé уште не постои, како и подобрување на оваа контрола во институциите каде што постои;
- Градење на капацитетите на вработените во надлежните министерства (Министерството за безбедност, Министерството за правда, Министерството за граѓански работи) како и на нивна севкупна афирмација во спроведувањето на надлежностите.

*Долгорочни цели*

Политики

- Соработка со науката и универзитетите (односно Полициската академија и Факултетот за криминологија) за да се анализираат аспектите на организираниот криминал, движењата, околностите, групите и технологијата;
- Поддршка за независни истражувања и институции кои вршат мултидисциплинарни истражувања за економскиот и организираниот криминал преку обезбедување на соодветни информации и преку други видови на поддршка кога е тоа можно;
- Воведување на редовно следење на ефективноста на мерките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал (т.е. годишни извештаи и специјализиран меѓу-ресорски и парламентарен надзор);

Меѓународна соработка

- Развивање на меѓународна соработка на полето на криминална анализа преку создавање на услови, законски и оперативни, за размена на соодветни информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот со цел прибирање и размена на информации, истраги и взаемна правна помош во согласност со соодветните прописи кои се однесуваат на заштита на податоци.

## *2. Зајакнување на капацитетите за финансиски истраги со цел конфискување на приносите од криминалните дејствија*

Правна рамка

*Краткорочни / среднорочни цели*

- Усогласување на кривичното законодавство со Конвенцијата за перење на пари, претресување, одземање и конфискување на приносите од криминални дејствија, како и со Кривичната и Граѓанската конвенција за борба против корупцијата во оние сегменти во кои сѐ уште не е извршено усогласување.

*Долгорочни цели*

- Усвојување на посебен Закон за конфискација на приносите од криминалните дејствија, со што ќе се појаснат и прецизираат постапките кои се предвидени во Законот за кривична постапка во однос на одземањето и конфискацијата на приносите од криминални дејствија.

Институционална рамка

*Среднорочни / краткорочни цели*

- Подобрување на соработката помеѓу Државната агенција истраги и заштита (Сектор за финансиско разузнавање и Сектор за криминално разузнавање) и Министерствата за внатрешни работи на ентитетите, полицијата на областа Брчко и обвинителството на БиХ;
- Подобрување на соработката помеѓу Управата за посредни даноци (Сектор за спроведување на царински и даночни прописи) и други институции кои работат на финансиски истраги (СИПА, Службата на државната граница, даночните управи на ентитетите и даночната управа на областа Брчко);
- Забрзување на активностите за воспоставување на унифицирана база на податоци за регистрација на претпријатија во судскиот регистар; воспоставување на други бази на податоци кои ќе бидат лесно достапни за сите наведени институции;
- Овозможување специјализација на судии и обвинители кои ќе работат на финансиски истраги за кривични дела во областа на организираниот и економскиот криминал и овозможување на нивна обука во оваа област;
- Организирање на обука за овластени службени лица за спроведување на законот и службеници во други агенции кои работат на финансиски истраги, како и обвинители и судии кои работат на финансиски истраги;
- Воспоставување на задолжителна внатрешна контрола во институциите/ агенциите каде сѐ уште не постои, како и подобрување на оваа контрола во институциите кои веќе ја имаат воспоставено;

- Изградба на капацитетите на вработените во надлежните министерства (Министерството за безбедност, Министерството за правда, Министерството за граѓански работи) и нивна потполна афирмација во превземање на нивните надлежности.

*Долгорочни цели*

- Воспоставување специјализирана агенција која ќе биде надлежна за управување со одземените приноси од криминалните активности.

### *3. Зајакнување на правната рамка и капацитетите за нејзино спроведување во однос на примената на специјалните истражни мерки*

Правна рамка

*Краткорочни / среднорочни цели*

- Усвојување на интерни насоки / правилници преку кои ќе се регулираат: интерните постапки за давање на овластувања, одобрување на СИМ, водењето евиденција и прописите за постапување со прибраниот материјал, мерките за обезбедување на тајност на истрагите, како и други начела кои треба да ги применуваат органите за спроведување на законот при примената на овие мерки;
- Обезбедување на целосна законска рамка во домашното законодавство со почитување на начелата за ЕЦХР особено во делот на изменување на Законот за кривична постапка (ЗКП) на БиХ и на ЗКП на ентитетите. Примарно е усогласување на законодавството на ентитетите и прецизно дефинирање на кривичните дела (каталог на кривични дела) за кои можат да се користат СИМ;
- Во текот на усогласувањето на домашното законодавство да се воведе одредба со која прецизно ќе се регулира меѓународната соработка во однос на примената на СИМ, особено кога се работи за заеднички тимови за истрага и трансгранични операции, а во врска со примената на СИМ и можностите за размена на прикриени агенти;
- Усвојување на интерни насоки за спроведување на конкретни СИМ вклучувајќи ги и постапките за прикриените агенти и други службеници надлежни за спроведување на законот кои работат на наведените работни места, како и за раководните службеници кои управуваат и даваат одобренија за ангажирање на некои од службените лица;
- Усвојување на интерни насоки и прописи за службениците надлежни за спроведување на законот кои работат со евидентирани информатори.

Институционална рамка

*Краткорочни/ среднорочни цели*

- Обезбедување на услови за формирање на самостоен орган на државно ниво кој систематски ќе ги прибира и анализира податоците за користење на СИМ, ќе ги идентификува најдобрите начини за примена на СИМ имајќи ги предвид капацитетите кои се на располагање; објавување на периодични и годишни извештаи за користењето на СИМ;
- Институционализација на сегментот кој се однесува на финансирањето и користењето на финансиските средства при примената на некои од СИМ со цел обезбедување на ефикасна контрола врз трошењето на буџетските средства;

- Усвојување на (интерни) акти преку кои ќе се регулира користењето на финансиски средства за прикриените операции, прикриените агенти и информатори со што ќе се обезбеди ефикасен надзор над трошењето на овие средства;
- Разгледување на разни модели на механизми за надворешен надзор над користењето на СИМ (покрај судската контрола) или преку посебни комисии за надзор, посебни парламентарни комисии, народниот правобранител и др.;
- Обезбедување на тесна соработка помеѓу обвинителите, судиите во прелиминарните постапки и органите за спроведување на законот во процесот на примената на СИМ, имајќи предвид дека соработката помеѓу органите и размената на податоците во БиХ е регулирана со законите на БиХ, ентитетите и областа Брчко;
- Воспоставување на специјализирани сектори/единици за спроведување на законот кои ќе бидат надлежни за операции со прикриени агенти;
- Зајакнување на соработката помеѓу органите за спроведување на законот, а особено помеѓу СИПА и министерствата за внатрешни работи на ентитетите, полицијата на областа Брчко и Канцеларијата на државниот обвинител на БиХ;
- Воспоставување на внатрешна контрола во институциите/агенциите каде таа не постои, како и подобрување на овој вид контрола во институциите каде таа постои;
- Градење на капацитетите на соодветните министерства (Министерството за безбедност, Министерството за правда и Министерството за граѓански работи) и нивна потполна афирмација во превземањето на предвидените надлежности.

*Долгорочни цели*

- Подобрување на меѓународната соработка во однос на примената на СИМ, особено во областа на размена на прикриени агенти односно на лица со прикриен идентитет.

Обука

- Институционализирање на општа обука за СИМ за соодветни службеници надлежни за спроведување на законот, обвинители и судии кои работат на активности поврзани со примената на СИМ;
- Институционализација на специјализирана обука за прикриени агенти и службени лица надлежни за спроведување на законот задолжени за раководење и насочување на прикриени агенти.

## *4. Создавање на ефективни механизми за заштита на сведоци на сериозни кривични дела*

Правна рамка

*Краткорочни / среднорочни цели*

- Обезбедување на услови за спроведување на Законот за заштита на сведоци кои се во опасност и сведоци под закана и на Законот за програмата за заштита на сведоци; преку спроведување на овие закони ќе се обезбеди законска примена на процесни и не-процесни мерки за заштита на сведоци во БиХ, како и обезбедување на финансиски средства за спроведување на програмите за заштита на сведоци.

Институционална рамка

*Краткорочни / среднорочни цели*

- Обезбедување на потполно функционирање на Одделението за заштита на сведоци кое беше основано во рамките на СИПА (Државна агенција за истраги и заштита) (завршување на процесот на вработување на кадри и постигнување на полн оперативен капацитет, обезбедување на финансиски средства за опремување со техничка опрема, завршување на општа и специјализирана обука за сите вработени на одделението и обезбедување на финансиска одржливост на одделението);
- Подготвување на прописи и постапки за усвојување кои ќе се однесуваат на работата на Одделението за заштита на сведоци, користејќи ја најдобрата практика од земјите кои имаат искуство во спроведување на процесни и не-процесни мерки за заштита на сведоци и нивно прилагодување кон правната рамка на БиХ;
- Воспоставување на континуирана соработка со органите за спроведување на законите на ниво на ентитети (Министерство за внатрешни работи на РС, Министерство за внатрешни работи на федерацијата БиХ), на државно ниво (СБС, ОСА, ИНТЕРПОЛ), како и со Полицијата на областа Брчко на БиХ;
- Обезбедување на услови и остварување на континуирана соработка со Регистерот со кој СИПА – Одделение за заштита на сведоци - потпиша спогодба за соработка и поддршка;
- Обезбедување на технички капацитети во судските простории со што ќе се овозможи сослушување и распит преку видео-врска, вклучувајќи и обука на судии и обвинители за прифаќање на прописите во согласност со меѓународните постапки при користењето на техничка опрема за сослушување преку видео-врска;
- Воспоставување соработка со Одделенијата за заштита на сведоци во регионот со цел да се стандардизираат прописите и постапките кои се однесуваат на мерките за заштита на сведоци, особено оние за мерките за преместување на сведоци во регионот на југоисточна Европа;
- Потпишување на билатерални и мултилатерални спогодби за соработка за сузбивање на организираниот криминал што подразбира зајакнување на соработката во смисла на квалитетна имплементација на програмите за заштита на сведоци во земјите во регионот и преместување на заштитените сведоци во трети земји;
- Воспоставување на задолжителна внатрешна контрола во институциите/агенциите каде таа не постои и подобрување на контролата во институциите кои имаат ваков вид контрола;
- Градење на капацитетите на вработените во надлежните министерства (Министерството за безбедност, Министерството за правда и Министерството за граѓански работи) и нивна потполна афирмација во преземањето на предвидените надлежности.

Обука

- Спроведување практични програми за обука на обвинители, судии и бранители на полето на процесни мерки во однос на програмата за заштита на сведоци и мерките за поддршка на заштитени сведоци;

### *5. Зајакнување на капацитетите за соработка во кривичните предмети со особен акцент на 2ом Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети*

Правна рамка

- Усвојување на Закон за взаемна правна помош во кривични предмети. Одредбите од Вториот дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош треба да се имплементираат во овој закон со посебен акцент на каналите за комуникација што подразбира услуги по пошта, привремен трансфер на притворени лица и присуство на службеници на странката барател при давањето правна помош и слично;
- Подготвување на измени и дополненија на Законот за кривична постапка на БиХ, Федерацијата на БиХ, Република Српска и обласа Брчко, особено во делот кој се однесува на можноста за сослушување преку видео конференција, услуги за давање директни информации на странски земји што биле прибрани при сопствените истраги, преку гранично набљудување, контролирани испораки, прикриени истраги, заеднички тимови за истрага и слично;
- Подготвување на измени на Законот за погранична служба, Законот за државната агенција за истраги и заштита, Законот за државната агенција за разузнавање и безбедност, Законот за внатрешни работи на Федерацијата БиХ, Законот за внатрешни работи на Република Српска и обласа Брчко на БиХ во деловите кои се однесуваат на преку-граничните набљудувања, контролирана испорака и тајни истраги.

Институционална рамка

- Воспоставување на континуирана соработка помеѓу Министерството за правда на БиХ, Министерството за правда на Федерацијата БиХ, Министерството за правда на Република Српска, НЦБ Интерпол и органите за спроведување на законот;
- Потпишување на административни спогодби помеѓу надлежните институции со акцент на имплементација на овој Протокол особено во делот на заедничките тимови за истраги;
- Обезбедување на технички капацитети во судовите за да се овозможи сослушување на сведоци преку видео конференција;
- Организирање семинари и работилници со посебен акцент на обуката на судиите и обвинителите во обласа на правната помош во кривичните предмети;
- Обезбедување на финансиски средства за таа намена во буџетите на БиХ, Република Српска и обласа Брчко;

## 2.3 ХРВАТСКА

### *1. Зајакнување на капацитетите за анализа на криминалот и криминално разузнавање*

*Краткорочни / среднорочни цели*

Правна рамка

- Подобрување на спроведувањето на одредбите од Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци, во однос на надзорните органи и трансграничниот проток на податоци.

Институционална рамка

- Зајакнување на Одделението за криминална анализа преку обезбедување на напредната обука за криминална анализа (стратешка и оперативна) во однос на организиран и економски криминал, како и преземање на други мерки во врска со ова според потребите;
- Воспоставување на национален (унифициран) систем или мрежа на системи за прибирање на податоци и за криминална статистика кои ќе ги земат предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Подготвување на заедничка методологија за органите за спроведување на законот во однос на прибирањето на податоци и криминалната статистика што ќе ги земе предвид специфичните карактеристики на организираниот и економскиот криминал;
- Обезбедување на задолжително доставување на информации во стандардизиран формат од страна на органите за спроведување на законот;

*Долгорочни цели*

Политики

- Соработка со науката и универзитетите (односно Полициската академија и Факултетот за криминологија) за да се анализираат аспектите на организираниот криминал, движењата, околностите, групите и технологијата;
- Поддршка за независни истражувања и институции кои вршат мултидисциплинарни истражувања за економскиот и организираниот криминал преку обезбедување на соодветни информации и преку други видови на поддршка кога е тоа можно;
- Воведување на редовно следење на ефективноста на мерките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал (т.е. годишни извештаи и специјализиран меѓу-ресорски и парламентарен надзор);

Меѓународна соработка

- Развивање на меѓународна соработка на полето на криминална анализа преку создавање на услови, законски и оперативни, за размена на соодветни информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот со цел прибирање и размена на информации, истраги и взаемна правна помош во согласност со соодветните прописи кои се однесуваат на заштита на податоци.

### *2. Зајакнување на капацитетите за финансиски истраги со цел конфискување на приносите од криминалните дејствија*

- Како дел од започнатата реформа на Законот за кривична постапка, да се разгледа можноста за воведување на законска обврска полицијата и обвинителите, покрај кривичната истрага, да иницираат и завршат финансиска истрага во случаите на сериозни кривични дела;
- Како дел од започнатата реформа на Законот за кривична постапка, да се ревидира системот на привремени мерки за обезбедување на приносите за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривични дела и да се овозможи овие мерки (замрзнување на средства, одземање) да можат да се наложат во раните фази на полициската истрага;
- Усвојување на подзаконска регулатива во која ќе се прецизираат обврските, распределбата на задачи, постапките, координацијата и соработката помеѓу агенциите во финансиските истраги;
- Формирање на посебна агенција / институција надлежна за извршување на налозите за одземање и конфискација и управување со одземениот и конфискуваниот имот;
- Подобрување и институционализирање на соработката и комуникацијата помеѓу одделенијата кои вршат истраги на економски криминал и перење на пари и одделенијата надлежни за борба против организираниот криминал и криминал поврзан со дрога преку формирање на специјализирани Одделенија за финансиски истраги и перење на пари (или, на краток рок, назначување на специјализиани полициски службеници за оваа задача);
- Подигнување на свеста – преку основна обука – за концептот на интегрирани финансиски и кривични истраги кај полицијата, обвинителството и судиите;
- Институционализирање на континуирана специјализирана обука за водење на финансиски истраги за полицијата, обвинителите и истражните судии.

### *3. Зајакнување на правната рамка и капацитетите за нејзино спроведување во однос на примената на специјалните истражни мерки*

- Изменување на Законот за кривична постапка во согласност со веќе утврдените недостатоци со што ќе се подобри користењето на СИМ;
- Усвојување на детални интерни акти преку кои ќе се регулираат интерните постапки за овластување, водење на евиденција и постапките за постапување со прибраниот материјал, мерките со кои се обезбедува тајност на истрагите и други општи насоки кои треба да ги применуваат органите за спроведување на законот при примената за овие методи и нивните резултати;
- Регулирање на користењето на финансиските ресурси во примената на СИМ преку усвојување на детална (интерна) рамка од прописи за регулирање на користењето на финансиските средства во примената на СИМ, особено во однос на финансирањето на прикриени операции, агенти и информатори, како и обезбедување на ефикасен надзор врз користењето на овие средства;
- Обезбедување на институционално разграничување и раздвојување на набљудувањето кое го вршат органите надлежни за спроведување на законот со цел спроведување кривични истраги, од она набљудувањето кое го вршат службите за разузнавање заради цели на националната безбедност; обезбедување на органите за спроведување на законот со технички и човечки ресурси за да се спроведуваат СИМ независно од ресурсите или институциите за државна безбедност;
- Обезбедување на опрема за следење на комуникација преку компјутерски мрежи;

***4. Создавање на ефективни механизми за заштита на сведоци на сериозни кривични дела***

- Обезбедување понатамошно оддржливо финансирање на програмата за заштита на сведоци;
- Продолжување со активностите за подигнување на свеста кај полицијата, обвинителите, како и другите соодветни државни институции во однос на можностите и ограничувањата на програмите за заштита на сведоци;
- Заокружување на процесот на опремување и обука на вработените во Одделението за заштита на сведоци;
- Зајакнување на соработката и комуникацијата помеѓу полицијата и обвинителите во областа на спроведувањето на процесните и не-процесните мерки за заштита на сведоци;
- Спроведување на програми за практична обука за обвинители и судии во однос на процесните мерки за заштита на сведоци;
- Подобрување на техничките капацитети на судовите за да може да се применува сослушување по пат на видео-врска;
- Обезбедување дека билатералните спогодби за соработка во областа на сузбивањето на организираниот криминал содржат одредби преку кои ќе се обезбеди соработка за заштита на сведоци;

***5. Зајакнување на капацитетите за соработка во кривичните предмети со особен акцент на 2от Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети***

Република Хрватска го потпиша Вториот дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети (во понатамошниот текст како Вториот допол. протокол) на 9 јуни 2004 година.
На 1 јули 2005, Законот за взаемна правна помош во кривични предмети (во понатамошниот текст Закон за ВПП) стапи во сила.

Одредбите во Законот за ВПП се усогласени во многу аспекти во Вториот дополнителен протокол, како на пример:

- Зголемување на опсегот на странките на кои се однесува Вториот допол., особено правните лица;
- Проширување на надлежноста на ВПП на прекршочните постапки кои се спроведуваат од страна на административните власти;
- Воведување на можноста за директна комуникација помеѓу судските власти и можноста за доставување на документи по пошта;
- По барање, присуство на службеници од страната барател при извршување на барањето;
- Одложено извршување на барања;
- Спонтана информација, надомест, и др.

Министерството за правда во моментов работи на потполно усогласување на Законот за ВПП со Вториот допол. во однос на преку граничните набљудувања, контролирана испорака, тајни истраги, заеднички истражни тимови и др.

Покрај ова, Законот за ВПП е делумно усогласен со Европската конвенција за ВПП во кривичните предмети помеѓу земјите членки од 2000 година. Министерството за правда планира наскоро да го заврши усогласувањето со оваа Конвенција и други законодавни инструменти на ЕУ.

## 2.4 СРБИЈА И ЦРНА ГОРА / ЦРНА ГОРА

### *1. Зајакнување на капацитетите за анализа на криминалот и криминално разузнавање*

*Краткорочни / среднорочни цели:*

Правна рамка

- Потпишување и ратификување на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци што се однесува на надзорните органи и трансграничниот проток на податоци.

Институционална рамка

- Завршување на формирањето на Одделението за криминална анализа, вработување на соодветен број на аналитичари и обезбедување на обука за криминална анализа во однос на економски и организиран криминал;
- Воспоставување на национален (унифициран) систем или мрежа на системи за прибирање на податоци и за криминална статистика кои ќе ги земат предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Подготвување на заедничка методологија за органите за спроведување на законот во однос на прибирањето на податоци и криминалната статистика што ќе ги земе предвид специфичните карактеристики на организираниот и економскиот криминал;
- Обезбедување на задолжително доставување на информации во стандардизиран формат од страна на органите за спроведување на законот;

*Долгорочни цели:*

Политики

- Поддршка за развивање на капацитетите на науката и универзитетите (односно Полициската академија и Факултетот за криминологија) за да ги анализираат аспектите на организираниот криминал, движењата, околностите, групите и технологијата;
- Поддршка за развивање на капацитетите за вршење независни истражувања и институции кои вршат мултидисциплинарни истражувања за економскиот и организираниот криминал преку обезбедување на соодветни информации и преку други видови на поддршка кога е тоа можно;
- Воведување на редовно следење на ефективноста на мерките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал (т.е. годишни извештаи и специјализиран меѓу-ресорски и парламентарен надзор);

Меѓународна соработка

- Развивање на меѓународна соработка на полето на криминална анализа преку создавање на услови, законски и оперативни, за размена на соодветни информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот со цел прибирање и размена на информации, истраги и взаемна правна помош во согласност со соодветните прописи кои се однесуваат на заштита на податоци.

### *2. Зајакнување на капацитетите за финансиски истраги со цел конфискување на приносите од криминалните дејствија*

*Краткорочни / среднорочни цели:*

- Склучување на меморандум за разбирање, комуникација и размена на информации помеѓу полицијата, обвинителството, царинската и даночната управа и Одделението за финансиско разузнавање во кој ќе се прецизираат надлежностите, соработката и размената на информации во случаи на финансиски истраги;
- Склучување на нови билатерални спогодби или прилагодување на постоечките потпишани од Министерството за внатрешни работи со полицијата на други земји за соработка во борбата против организираниот криминал и обезбедување на соработка во финансиски истраги преку овие спогодби;
- Следење на препораките од механизмот за евалуација во областа на перењето пари, финансирање на тероризам и корупција (МОНЕSВАЛ, ГРЕКО);
- Назначување на неколку инспектори во Секторот за економски криминал кои ќе бидат ангажирани на финансиски истраги;
- Назначување на неколку обвинители специјализирани за финансиски истраги;
- Воведување на обврска за полицијата да покрене финансиска истрага паралелно со криминалната истрага кога се работи за кривични дела за кои постои сомнение дека е остварена криминална корист;
- Воспоставување на мрежа од полициски службеници и обвинители специјализирани за финансиски истраги;
- Воспоставување на централен регистер за запленет и конфискуван имот од страна на судот;
- Спроведување на обука со помош на странски експерти и странски специјализирани служби за избрани полициски службеници и обвинители кои подоцна ќе обучуваат други црногорски службеници;
- Организирање и институционализирање на основна обука за финансиски истраги за полицијата, обвинителите и судиите;

*Долгорочни цели:*

- Разгледување на можностите за воведување на пристапот за проширена конфискација во законодавството и, доколку е можно, подготвување на измени на Кривичниот Закон;
- Подготвување на измени на Законот за кривична постапка со што ќе се овозможи полицијата и обвинителството да имаат директен пристап до банкарски информации и банкарски трансакции;
- Разгледување на можностите за изменување на Законот за кривична постапка со што ќе се овозможи користењето на избрани специјални истражни мерки со цел идентификација на приносите од криминал;
- Разгледување на можностите во законодавството да се воведе конфискување без осудителна пресуда кога ќе бидат исполнети одредени услови;
- Основање на централна агенција надвор од полицијата надлежна за Постапување и управување со одземениот и конфискуван имот;
- Проучување на потребата и можностите за основање на специјализирано одделение во рамките на полицијата чија надлежности би биле само финансиските истраги;
- Проучување на потребата и можностите за основање на специјализирано одделение во обвинителството чија надлежности би биле само финансиските истраги;

- Институционализирање на континуирана обука на полицијата, обвинителите и судиите во однос на финансиските истраги.

### *3. Зајакнување на правната рамка и капацитетите за нејзино спроведување во однос на примената на специјалните истражни мерки*

- Изменување на член 237 од Законот за кривична постапка со што ќе се решат недоследностите и недостатоците во однос на потребниот праг за наложување на СИМ;
- Изменување на член 238 од Законот за кривична постапка за да се овозможи употребата на СИМ и за избрани дела за кои пропишаната казна е помала од 10 години затвор;
- Основање на специјализирани полициски одделенија за спроведување на специјалните истражни мерки;
- Усвојување на интерни насоки / правилници преку кои ќе се регулираат интерните постапки за овластување, водење на евиденција и правилата за постапување со прибраниот материјал, мерките со кои се обезбедува тајност на истрагите и други општи насоки;
- Усвојување на интерни насоки и акти за извршување на тајни операции како и за управување на насочување на прикриени агенти;
- Усвојување на интерни насоки за службените лица за спроведување на законот кои работат со евидентирани информатори;
- Воспоставување на национален систем за известување во однос на користењето на СИМ;
- Усвојување на (интерни) акти за користење на финансиски средства за спроведување на специјални истражни мерки, финансирање на тајни операции, агенти и информатори, како и за обезбедување на ефикасен назор над користењето на овие финансиски средства;
- Проучување на разни модели на механизми за надворешен надзор со цел воведување на системски механизми за надворешен надзор при користење на СИМ (покрај судскиот надзор) било преку специјални судски комисии за надзор, посебни парламентарни комисии, народниот правобранител или други форми;
- Организирање на општи обуки за СИМ за соодветни службеници за спроведување на законот, обвинителите и судиите;
- Со помош на странски експерти и странски специјализирани одделенија, спроведување на обуки за обучувачи во областа на ангажирањето и управувањето со прикриени агенти;
- Во зависност од финансиските капацитети, опремување на полицијата со техничка опрема и кадар за спроведување на СИМ независно од државната институција за безбедност;
- Развивање на меѓународна соработка во однос на користењето на СИМ.

### *4. Создавање на ефективни механизми за заштита на сведоци на сериозни кривични дела*

- Обезбедување дека новото Одделение за заштита на сведоци (ОЗС) ќе профункционира;
- Набавка на соодветна опрема за ОЗС преку странска помош;
- Обука на кадарот во ОЗС;
- Обезбедување на одржливо финансирање на програмите за заштита на сведоци;

- Обезбедување и опремување на барем една просторија / судница во земјата со телекомуникациски средства со што ќе се овозможи преку-гранични сведочења по пат на видео-врска;
- Подобрување на меѓународната соработка на ова поле преку олеснување на распитот на сведоци преку границите и склучување на билатерални спогодби преку кои ќе се овозможи релокација на сведоци и домашните програми за заштита на сведоци да се однесуваат и на странски сведоци.

### *5. Зајакнување на капацитетите за соработка во кривичните предмети со особен акцент на 2$^{от}$ Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети*

- Ратификација на 2$^{от}$ Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети;
- Основање на специјално тело кое ќе биде надлежно за соработка и меѓународна правна помош во однос на организираниот криминал.

## 2.5 СРБИЈА И ЦРНА ГОРА / СРБИЈА

### *1. Зајакнување на капацитетите за анализа на криминалот и криминално разузнавање*

*Краткорочни / среднорочни цели:*

Правна рамка

- Потпишување и ратификување на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци што се однесува на надзорните органи и трансграничниот проток на податоци.
- Усвојување на нов Закон за заштита на лични податоци кој ќе биде во согласност со Конвенцијата и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата на Советот на Европа и Директивата 95/46 на Европскиот Парламент и Советот;
- Усвојување на Закон за безбедност на податоци кој ќе биде во согласност со постоечките европски стандарди.

Институционална рамка

- Воспоставување на национален (унифициран) систем или мрежа на системи за прибирање на податоци и за криминална статистика кои ќе ги земат предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Основање на Одделенија за криминална анализа онаму каде овие одделенија не постојат во сите сегменти на сузбивањето на криминалот, како и обезбедување на високо-квалитетна обука за криминална анализа, особено во однос на економскиот и организираниот криминал (стратешка и оперативна) при што треба да се земат предвид спецификите на организираниот и економскиот криминал;
- Подготвување на заедничка методологија за органите за спроведување на законот во однос на прибирањето на податоци и криминалната статистика што ќе ги земе предвид специфичните карактеристики на организираниот и економскиот криминал;
- Обезбедување дека информациите се прибираат и чуваат во база на податоци во стандардизирана форма и дека ова ќе биде задолжително за криминалната полиција и наведените институции за спроведување на законот.

*Дологорочни цели:*

Политики

- Соработка со науката и универзитетите (односно Полициската академија и Факултетот за криминологија) за да се анализираат аспектите на организираниот криминал, движењата, околностите, групите и технологијата;
- Поддршка за развивање на капацитетите за вршење независни истражувања и институции кои вршат мултидисциплинарни истражувања за економскиот и организираниот криминал преку обезбедување на соодветни информации и преку други видови на поддршка кога е тоа можно;
- Воведување на редовно следење на ефективноста на мерките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал од страна на пратениците во Парламентот;

Меѓународна соработка

- Продолжување на меѓународна соработка на полето на криминална анализа преку создавање на услови, законски и оперативни, за размена на соодветни информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот со цел прибирање и размена на информации, истраги и взаемна правна помош во согласност со соодветните прописи кои се однесуваат на заштита на податоци.

## *2. Зајакнување на капацитетите за финансиски истраги со цел конфискување на приносите од криминалните дејствија*

- Воведување одредба во Кривичниот закон за задолжителна конфискација на приносите од криминалните дејствија по осудителната пресуда;
- Проширување и зајакнување на одредбите со кои се овозможува конфискација на приносите од криминал, дури и од трети лица и правни лица;
- Усвојување на законска регулатива со која ќе биде можно претпријатијата кривично да одговараат – кривично-правна одговорност на правни лица;
- Изменување на постоечката правна рамка со цел да се овозможи конфискација на имотот и да се пренесе товарот за докажување на делото од обвинителот – државата на обвинетиот;
- Разгледување на можноста за воведување во законската регулатива на посебна постапка за конфискација на приносите од кривичните дела со цел да се избегнат одлагања во кривичните постапки;
- Преку изменување на Законот за спречување на перење пари со што ќе се овозможи Одделението за финансиско разузнавање (ОФР) да врши тајно следење на тековните финансиски трансакции, како и привремено суспендирање на трансакциите;
- Анализирање на одредбите од Законот за кривична постапка со цел да се подобри ефикасноста на привремените мерки за одземање на приносите од криминал;
- Усвојување на законодавство со кое прецизно ќе се регулира управувањето на одземениот и конфискуван имот и ќе се основа специјализирана агенција;
- Разгледување на можноста за изменување на Кривичниот закон и Законот за кривична постапка со што ќе се овозможи конфискација на приносите од кривични дела, дури и пред донесување на осудителната пресуда во строго ограничени случаи (на пр. во случаи на корупција, перење на пари, смрт на сторителот на делото);
- Интензивирање на работата на спроведување на обврските преземени со потпишување и ратификација на меѓународните конвенции кои се однесуваат на оваа област;
- Преземање на неопходните мерки со цел елиминирање на сите недостатоци на системот наведени во извештајот од првата оценка на Комисијата MOHESBAЛ на Советот на Европа;
- Воведување на концептот на финансиски истраги во законодавството и разгледување на можноста за изменување на Законот за кривична постапка за да се овозможи користење на СИМ со цел идентификација на приносите од криминал;
- Обезбедување на специјализација на полето на финансиски истраги во полицијата, обвинителството и судовите;
- Обезбедување на институционална рамка за групите кои работат на финансиски истраги и разгледување на можностите за основање на специјализирано мултидисциплинарно одделение за финансиски истраги;

- Воспоставување централен регистер за одземени и конфискувани приноси од криминал;
- Спроведување на обуки наменети за органите надлежни за вршење на финансиски истраги кои би се фокусирале на можностите во постоечкото законодавство бидејќи измените на законите сé уште не се донесени.

***3. Зајакнување на правната рамка и капацитетите за нејзино спроведување во однос на примената на специјалните истражни мерки***

- Официјално усвојување на ЦАРПО критериумите за СИМ како соодветна рамка за понатамошните измени во законодавството;
- Во рамки на измените на Законот за кривична постапка, усогласување на одредбите кои се однесуваат на СИМ со европските стандарди;
- Заокружување и усвојување на Уредбата за обврските на телекомуникациските оператори во однос на законско следење на телекомуникации. Доставување за усвојување до Владата на Република Србија на нацрт Одредбата за обврските на телекомуникациските оператори во однос на законското следење на телекомуникации по добивањето на мислењето на Советот на Европа и ОБСЕ;
- Спроведување на проектот за основање и опремување на Центар за следење на телекомуникации во Министерството за внатрешни работи на Република Србија, како и обезбедување на институционално осамостојување на набљудувањето на телекомуникациите кое го вршат органите за спроведување на законот заради водење кривични истраги и набљудувањето од страна на службите за разузнавање заради национална безбедност;
- Основање на специјализирано полициско одделение за ангажирање на прикриени агенти;
- Институционализирање на континуирана обука за членовите на агенциите во однос на СИМ и за обезбедување на законска контрола врз користењето на СИМ;
- Институционализирање на специјализирана обука за прикриени агенти и службеници за спроведување на законот кои работат на раководење и насочување на прикриени агенти;
- Усвојување на интерна регулатива преку која прецизно ќе се регулира работата на прикриените агенти, подготвувањето на операциите и особено користењето на финансиски средства (на пр. во форма на специјални фондови) за примена на СИМ, а особено во однос на финансирање на тајни операции, агенти и информатори. Неопходно е да се обезбеди ефикасен надзор врз користењето на средствата преку подзаконска регулатива.
- Подобрување на систематското прибирање и анализа на информациите за користење на СИМ, како и подобрување на подготовката на годишните извештаи од страна на висок авторитет за користењето на СИМ кој ќе биде обврзан да го почитува начелото на тајност;
- Објавување на годишните статистички извештаи за користењето на СИМ со посебна анализа за бројот на применетите мерки и бројот на обработените случаи;
- Усвојување на интерни насоки и прописи за извршување на тајни операции;
- Усвојување на детални прописи за постапување и уништување на материјали и лични податоци прибрани преку користење на СИМ, како и евентуално последователно известување на субјектите кои биле набљудувани за користењето на овие мерки.

***4. Создавање на ефективни механизми за заштита на сведоци на сериозни кривични дела***

- Усвојување на Закон за заштита на сведоци во кој ќе бидат прецизирани сите механизми за заштита на сведоци во кривична постапка;
- Институциоализирање на механизмите за регионална и меѓународна соработка за заштита а сведоци во кривичните постапки.

***5. Зајакнување на капацитетите за соработка во кривичните предмети со особен акцент на 2$^{от}$ Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети***

- Ратификување на 2 $^{от}$ Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети;
- Основање на посебно тело кое ќе биде надлежно за соработка и меѓународна правна помош во работите кои се однесуваат на организираниот криминал.

## 2.6 СРБИЈА И ЦРНА ГОРА / КОСОВО

### *1. Зајакнување на капацитетите за анализа на криминалот и криминално разузнавање*

*Краткорочни / среднорочни цели:*

Правна рамка

- Воведување на одредбите од Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци во однос на надзорните органи и трансграничниот проток на податоци.

Институционална рамка

- Разгледување на можноста за развивање на локални капацитети (на пр. косовските полициски службеници) за вршење на криминална анализа на организиран и економски криминал (стратешка и оперативна);
- Разгледување на можноста за воспоставување на национален (унифициран) систем или мрежа на системи за прибирање на податоци и за криминална статистика кои ќе ги земат предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Разгледување на можноста за подготвување на заедничка методологија за органите за спроведување на законот во однос на прибирањето на податоци и криминалната статистика што ќе ги земе предвид специфичните карактеристики на организираниот и економскиот криминал;
- Обезбедување дека доставувањето на информации во стандарден формат до базата на податоци во криминалната полиција е задолжително за наведените институции за спроведување на законот.

*Долгорочни цели:*

Политики

- Поддршка за развивање на капацитетите на локалните научни и универзитетски институции (односно Полициската академија и Факултетот за криминологија) за анализирање на аспектите на организираниот криминал, движењата, околностите, групите и технологијата;
- Поддршка за развивање на капацитетите на независни истражувања и институции кои вршат мултидисциплинарни истражувања за економскиот и организираниот криминал преку обезбедување на соодветни информации и преку други видови на поддршка кога е тоа можно;
- Воведување на редовно следење на ефективноста на мерките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал (т.е. годишни извештаи и специјализиран меѓу-ресорски и парламентарен надзор);

Меѓународна соработка

- Развивање на меѓународна соработка на полето на криминална анализа преку создавање на услови, законски и оперативни, за размена на соодветни информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот со цел

прибирање и размена на информации, истраги и взаемна правна помош во согласност со соодветните прописи кои се однесуваат на заштита на податоци.

## *2. Зајакнување на капацитетите за финансиски истраги со цел конфискување на приносите од криминалните дејствија*

- Овозможување јавниот обвинител да издава налози за откривање на финансиски информации и вградување на соодветни одредби во Законот за кривична постапка преку кои ќе се овозможи истражителите да добијат тековни финансиски информации од финансиските институции;
- Да се утврди дали одредбите во прописот за перење на пари во однос на привремена и трајна конфискација на материјалната добивка остварена преку криминални активности ги субсимираат одредбите за конфискација во Привремениот Закон за кривична постапка;
- Основање на одделение, под контрола на Министерство за правда, кое ќе биде одговорно за чување на доказниот материјал прибран во текот на истрагата, вклучувајќи го и конфискуваниот материјал кој се смета за можна добивка од криминални активности. Одделението треба да има големи и безбедни простории во секоја од петте области на Косово за складиштење на движен имот како на пр. возила, мебел и стока, а треба да има и посебна банкарска сметка за чување на парите, одземени во текот на кривичните истраги. Одделението треба да користи компјутеризиран систем кој ќе биде поврзан со централен регистер со можност за давање на тековни, ажурирани информации во однос на вредноста и локацијата на конфискуваниот имот;
- Постојано основање на специјализирано полициско одделение задолжено за следење на имот и идентификување на приносите од криминални активности. Ова одделение би ги вршело сите финансиски истраги во главните кривични случаи но исто така би учествувало во обука која се врши за полицијата и за обвинителството. Финансиските истраги во помалите случаи би биле спроведувани од страна на "службеници за врски" во секоја управна област кои, покрај другите полициски должности, ќе спроведуваат и финансиски истраги и ќе помагаат во истрагите кои ги врши централното одделение;
- Специјализирани обвинители на полето на економскиот и финансискиот криминал и формирање на одделенија за економски криминал во секое од обласните обвинителства. Овие обвинители би вршеле истраги во однос на материјалната корист во сите поголеми кривични истраги. Обвинителите исто така би учествувале во обуката за полицијата и обвинителите;
- Спроведување на континуирана обука за финансиски истраги (која може да биде дел од напредната обука за економски истраги) во полициската школа. Обуката би вклучувала и периодични курсеви за освежување на знаењата. Првично, обуката би се спроведувала со помош на меѓународни експерти и меѓународни полициски службеници обучени за финансиски истраги. Со развивање на надлежностите, обуката би требало да ја вршат претходно обучени (преку обука на обучувачи) финансиски истражители и јавни обвинители кои вршат финансиски истраги;
- Развивање на систем за акредитација за стручни лица кои сакаат да работат како експерти. Оние стручни лица кои ги задоволуваат стандардите за акредитација би биле ставени на список и би биле користени од страна на судовите и јавните обвинители доколку се јави потреба.

### *3. Зајакнување на правната рамка и капацитетите за нејзино спроведување во однос на примената на специјалните истражни мерки*

- Во рамки на ревизијата на Привремениот закон за кривична постапка (ПЗКП) која е во тек, ревизија на одредбите кои се однесуваат а СИМ;
- Обезбедување на можноста за примена на мерките за заштита на сведоци при сослушувањата на прикриени агенти или информатори по пат на утврдување на тоа дали одредбите за заштита на сведоци од ПЗКП се доволни, како и преку изменување на насоките на полицијата со цел да се решат проблемите во оваа област; како алтернатива, треба да се утврди дали е потребна измена на законската регулатива за да се реши ова прашање;
- Разгледување на постоечкиот список на кривични дела во ПЗКП за кои можат да се применат СИМ за да се утврди дали треба прагот за користење на одредени СИМ да се дополни со други кривични дела;
- Утврдување на Стандардна оперативна постапка (СОП) конкретно наменета за постапување и уништување на материјал и податоци прибрани преку СИМ;
- Изготвување и усвојување на насоки за постапување со информаторите и прикриените агенти;
- Воведување на систематско прибирање и анализа на информации за примена на СИМ и подготвување на годишни извештаи од страна на независен висок авторитет во однос на користењето на сите видови на СИМ;
- Разгледување на можноста за повторно основање на специјализирано одделение за користење на тајни агенти;
- Воведување на систематски интерни механизми за надзор врз користењето на СИМ, по можност преку Одделението за професионални стандарди;
- Спроведување на понатамошни обуки за СИМ за обвинители и судии;
- Пропишување на институционална обука за службените лица кои работат во специјализираните сектори за организиран криминал за да се постигнат две цели: 1) да се обезбеди сеопфатна обука за СИМ која не може да се добие преку обуки на самото работно место во соодветните одделенија; и 2) да се реши недостатокот кој ќе се јави со заминување на меѓународните службеници бидејќи локалните вработени кои досега беа обучувани сé уште не се во состојба да станат и самите обучувачи;
- Продолжување на потпишувањето на билатерални спогодби во кои ќе биде опфатено и користењето на СИМ во меѓународната правосудна соработка.

### *4. Создавање на ефективни механизми за заштита на сведоци на сериозни кривични дела*

- Во рамките на ревизијата на Привремениот Закон за кривична постапка (ПЗКП) која е во тек, да се разгледаат постоечките одредби во однос на процесните заштитни мерки;
- Подготвување и усвојување посебно законодавство / прописи со кое ќе се уредат не-процесните мерки за заштита на сведоци, формално ќе се основа одделение за заштита на сведоци, како и, меѓу другото, ќе се реши постојаната релокација, мерките за физичка заштита и промена на идентитетот;
- Обезбедување на соодветна техничка опрема за сведочења и распит по пат на технолошки средства како што е предвидено во ПЗКП;
- Обезбедување дека не-процесните мерки за заштита на сведоци ќе се однесуваат и на сведоците кои соработуваат;
- Спроведување на обуки за обвинителите и судиите за применување на процесни мерки за заштита;

- Продолжување на спроведувањето на транзиционата стратегија за одделението за заштита на сведоци преку вработување и обука на КПС за работа во одделението;
- Со помош на странските експерти и странските специјализирани служби спроведување на обука за обучувачи за одделението за заштита на сведоци;
- Продолжување на потпишувањето на билатерални Спогодби за релокација на сведоци преку кои ќе се олесни соработката во областа на заштитата на сведоци и релокација на сведоци;
- Обезбедување дека Спогодбите за взаемна правна помош во кривични предмети потпишани со земји содржат одредби преку кои ќе се овозможи соработка во областа на заштита на сведоци.

### *5. Зајакнување на капацитетите за соработка во кривичните предмети со особен акцент на 2от Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети*

- Во однос на член 1 (4), да се разгледа можноста за измена на ПЗКП во однос на одговорноста на правни лица за кривични дела;
- Во однос на член 3, да се разгледа можноста за воведување на нов член во ПЗКП во делот на привремениот трансфер на притворени странски државјани;
- Изменување на член 533 од ПЗКП во кој ќе се наведе дека привремениот трансфер може да се направи кога (а) постои меѓународна спогодба која дозволува трансфер на жител на Косово во странска надлежност, освен ако не се дадат доволни гаранции дека не се бара исказ од тоа лице во однос на кривично дело за кое е под истрага; и (б) кога се исполнети условите наведени во член 517(а);
- Изменување на член 508 од ПЗКП за да се овозможи одделот за надворешни односи во Министерството за правда да упатува барања до надлежните органи;
- Во однос на член 5, да се воведе член за трошоците;
- Изменување на член 506 од ПЗКП за да ги одрази одредбите за одложено извршување на барањата (член 7) и постапка (член 8);
- Изменување на ПЗКП за да ги одрази одредбите од член 11 во однос на спонтано информирање;
- Разгледување на можноста за измени на општите одредби за СИМ во ПЗКП со што ќе се овозможи контролирани испораки по барање на друга странка;
- Во однос на спроведување на член 20, да се изменат постоечките одредби со што ќе се постави рамка за основање и работење на заеднички тимови за истраги;
- Изменување на ПЗКП да ги одрази суштинските одредби на член 23 за заштита на сведоци;
- Изменување на ПЗКП за да ги одрази одредбите од член 24 за привремени мерки со цел зачувување на докази, сочувување на сегашна состојба или заштита на загрозени правни интереси;
- Изменување на ПЗКП за да биде во согласност со барањето за тајност;
- Изменување на ПЗКП за да ги одрази суштинските одредби за заштита на сведоци (член 26);
- Зајакнување на оперативните и институционалните капацитети;
- Обучување а правниците и судиите за законот за взаемна правна помош и за добивање на капацитети за превод.

## 2.7 “ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”

### *1. Зајакнување на капацитетите за анализа на криминалот и криминално разузнавање*

*Краткорочни / среднорочни цели:*

Правна рамка

- Подобрување на спроведувањето на одредбите на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци што се однесува на надзорните органи и трансграничниот проток на податоци.

Институционална рамка

- Зајакнување на одделението за криминална анализа преку вработување на соодветен број на аналитичари и организирање на обука за криминална анализа за економски и организиран криминал;
- Воспоставување на национален (унифициран) систем или мрежа на системи за прибирање на податоци и за криминална статистика кои ќе ги земат предвид специфичните карактеристики на економскиот и организираниот криминал;
- Подготвување на заедничка методологија за органите за спроведување на законот во однос на прибирањето на податоци и криминалната статистика што ќе ги земе предвид специфичните карактеристики на организираниот и економскиот криминал;
- Обезбедување дека информации во стандардизирана форма задолжително се доставуваат во полициската база на податоци од страна на институциите надлежни за спроведување на законот.

*Долгорочни цели*

Политики

- Соработка со науката и универзитетите (односно Полициската академија и Факултетот за криминологија) за да се анализираат аспектите на организираниот криминал, движењата, околностите, групите и технологијата;
- Поддршка за развивање на независни истражувања и институции кои вршат мултидисциплинарни истражувања за економскиот и организираниот криминал преку обезбедување на соодветни информации и преку други видови на поддршка кога е тоа можно;
- Воведување на редовно следење на ефективноста на мерките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал (односно, годишни извештаи, како и специјализиран меѓу-ресорски и парламентарен надзор);

Меѓународна соработка

- Развивање на меѓународна соработка на полето на криминална анализа преку создавање на услови, законски и оперативни, за размена на соодветни информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот со цел прибирање и размена на информации, истраги и взаемна правна помош во согласност со соодветните прописи кои се однесуваат на заштита на податоци.

### *2. Зајакнување на капацитетите за финансиски истраги со цел конфискување на приносите од криминалните дејствија*

- Разгледување на можноста за проширување на незаконското богатење слично на она дефинирано во Законот за спречување на корупција од функционерите на лицата за кои постојат сомненија дека сториле кривични дела, преку префрлање на товарот за докажување во однос на конфискација на приносите од криминални активности;
- Усвојување на детална законска рамка (закон и подзаконска регулатива) за извршување на налозите за заплена и конфискување и за постапување и управување со одземениот и конфискуван имот, како и основање на специјална агенција за вршење на оваа задача;
- Подобрување на соработката помеѓу Секторот за организиран криминал во полицијата, Управата за јавни приходи, Финансиската полиција, Царинската управа, Дирекцијата за спречување на перење на пари и Комисијата за спречување на корупција во областа на финансиските истраги, евентуално преку усвојување на меморандуми за соработка и комуникација, како и институционализирање на тимски пристап и одржување на редовни стратегиски, тактички и оперативни состаноци;
- Во интерес на ефикасно користење на ограничените ресурси, да се сведе на минимум преклопувањето на надлежностите и областите, како и да се работи на постигнување на комплементарност помеѓу Финансиската полиција при Министерството за финансии и Секторот за Финансиски криминал при Одделот за организиран криминал при Министерството за внатрешни работи;
- Продолжување на подигнување на свеста – преку основни обуки и семинари за раководниот кадар – во однос на концептот за интегрирани финансиски и кривични истраги;
- Основање на централен регистер за одземени и конфискувани приноси;
- Организирање и спроведување на специјализирана обука за луѓето од праксата на сите нивоа и во сите соодветни институции во однос на финансиските истраги.

### *3. Зајакнување на правната рамка и капацитетите за нејзино спроведување во однос на примената на специјалните истражни мерки*

- По усвојувањето на Законот за следење на комуникации, основање на одделение за електронско набљудување и обезбедување на соодветни технички и човечки ресурси за негово функционирање;
- Обезбедување на соодветни технички и човечки ресурси за одделението за оперативни информатори и соработници;
- Усвојување на интерни насоки / акти за интерните постапки за овластување, постапки за водење евиденција и за постапување со прибраниот материјал, мерки за обезбедување на тајност на истрагите и други основни начела;
- Усвојување на насоки и акти за спроведување на прикриени операции кои ќе се однесуваат и на управувањето и насочувањето на прикриените агенти;
- Усвојување на интерни насоки за службените лица кои работат со евидентирани информатори;
- Воспоставување на национален систем за известување во однос на примената на СИМ;
- Усвојување на (интерна) правна рамка која ќе го регулира користењето на финансиските ресурси во однос на финансирањето на тајните операции, агенти и информатори, како и обезбедување на ефикасен надзор врз користењето на овие мерки;

- Институционализирање и спроведување на специјализирани обуки за службените лица кои работат во Секторите за СИМ;
- Институционализирање на специјализирана обука за прикриени агенти и службени лица кои раководат и насочуваат прикриени агенти.

## *4. Создавање на ефективни механизми за заштита на сведоци на сериозни кривични дела*

- Обезбедување на услови за спроведување на неодамна усвоениот Закон за заштита на сведоци до 2006 година, преку спроведување на усвоениот проект според кој Одделението за заштита на сведоци треба да стане потполно оперативно до 2007 година (проектот ги дефинира конкретните активности во однос на подготвување и усвојување на интерни прописи, вработување на кадар, набавување на опрема, а особено обука на стручните лица);
- Подготвување и усвојување на деловник за работа на Комисијата за заштита на сведоци;
- Подготвување и усвојување на интерни акти за работа на одделението за заштита на сведоци (ОЗС): евиденција и чување на лични податоци; финансирање; обрасци и прашалници за заштитените сведоци;
- Организирање, со помош на странските експерти и служби, на специјализирана обука за службениците лица кои работат во ОЗС во областите на: спроведување на интервјуа со кандидатите за стапување во програмата, проценка на ризици, неопходни елементи од меморандумот за стапување во програмата; психолошките аспекти поврзани со постапувањето со лицата во програмата и др.
- Обезбедување на оддржливо финансирање за ОЗС како што е предвидено со Законот за заштита на сведоци;
- Обезбедување на опрема за распит преку видео-врска и спроведување на обука за користење на опремата за обвинители и судии.

## *5. Зајакнување на капацитетите за соработка во кривичните предмети со особен акцент на 2ᵒᵐ Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривични предмети*

*Краткорочни цели*

- Со цел да се унапреди институционалната соработка и соработката со другите меѓународни безбедносни служби потребно е да се организираат семинари, работилници и друг вид на обука наменета за полицијата, обвинителството и судството заради поефикасна примена на постоечката регулатива.

Најдобро ќе биде ова да се спроведе што е можно поскоро, по можност во текот на 2005 година или евентуално до август 2006 година, кога се планира да заврши ЦАРДС проектот кој има за цел усогласување на законската регулатива со европските прописи и стандарди.

*Долгорочни цели*

- Неопходно е усвојување на нова регулатива и изменување и дополнување на постоечката која се однесува на претходно наведените области заради унапредување на состојбите.

Временска рамка

Се планира оваа стратегија да биде краткорочна, а можеби е најдобро да опфати период од три години, бидејќи на тој начин ќе можат да се согледаат сите предности и недостатоци од нејзиното спроведување во практиката.